**Изјава на Проф. Слаѓана Тасева**

**Претседател на Транспаренси Интернешнел-Македонија**

## Декларацијата за Принципите за медиумите во Република Македонија

**Скопје, 04 Ноември 2014**

*Цел на декларацијата е промовирање на **принципиелни ставови** за остварување на **уставно и законски гарантираната слобода на медиумите** во Република Македонија*

Транспаренси Интернешнел Македонија во рамки на проектот на **EIDHR: "Support to independent media in the Republic of Macedonia: Advocacy and training to promote adherence to international best practice"** понуди платформа за изготвување на Декларацијата.

Затоа од особено значење е дека оваа Декларацијата е резултат на широк консултативен процес и учество на претставниците од повеќе медиуми, асоцијации и здруженија, синдикатот на медиумите, уредници и сопственици на медиуми, невладини организации.

Декларацијата е израз на потребите на самите медиуми и медиумски работници и организации за подобрување на состојбата во оваа сфера.

Изминатите две години ги обележаа голем број активности поврзани со работата на медиумите, дел од нив иницирани и од самите медиуми, дел предлагани во преговори со владата и другите чинители, а дел како резултат на препораките од меѓународната заедница. Неодамна е формиран и Советот за Етика.

Сите тие се во определена фаза на имплементација и веќе ги даваат првите резултати од имплементацијата. Едновремено, имплементацијата ги покажува и слабостите во одредени норми но и слабостите во примената на истите.

Сите тие на одреден начин се опфатени во оваа Декларација која денес ја презентираме и која ќе ви биде понудена на потпишување вам, на директните уќесници во изготцвување на Декларацијата, а ќе биде отворена и за потпишување на сите други чинители во општеството кои преку неа ќе имаат можност да ја искажат својата заложба за подобрување на состојбата во сферата на медиумите и за подобрување на демократскиот амбиент во Р Македонија.

Она што на Декларацијата и дава најголема тежина и значење е фактот дека таа произлегува од внатре. Таа е сопственост на новинарите и на сите останати чинители во оваа сфера кои учествуваа во нејзиното подготвување, таа е сопственост и на невладиниот сектор кој застана за нејзиното подготвување и ќе биде сопственост на Владата, политичарите, практичарите, пратениците, вработените во институциите, на сите оние кои ќе ја прифатат и поддржат.

Декларацијата е произлезена од внатре, од Република Македонија. Тоа е нејзината вредност и придобивка за сите!

Јас ја користам оваа прилика да му се заблагодарам на Теофил Блажевски кој многу се вложи во овој документ и на сите останати кои активно учевствувавте во подготовка на Декларацијата.

Се разбира, од особено значење ке биде и нејзината имплементација. За тоа ќе биде неопходно не само декларативно да се заложиме за овие принципи, туку и понатаму да опстоиме во нивното промовирање и имплементација секаде каде што ние самите би можеле да придонесеме, но и таму каде што нашето разбирање на Декларацијата ќе придонесе за нејзиното поширoко прифаќање,

Ние денеска ги поканивнме и институциите од власта, Владата, надлежните министерства Агенциите. Дел од нив се присутни, дел го искажаа својот став на прифаќање и подршка и дополнително ќе им биде доставена на потпишување.

Ви посакувам добра работа и ви благодарам за присуството и поддршката!